Врз основа на член 9 став 2 од Закон за хартии од вредност, Собранието на АД за неметали Огражден Струмица на седницата одржана на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 "ЗА", ниеден глас "ПРОТИВ" и без "ВОЗДРЖАНИ", ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

За отуѓување сопствени акции

Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на АД за неметали Огражден Струмица стекнати до одржувањето на годишното собрание на друштвото на ден 07.06.2019 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собрание на друштвото од 07.06.2019 година

Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номинална вредност на една обична акција на АД за неметали Огражден Струмица изнесува 50 ЕВРА.

Член 3

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.

Согласно законските прописи и Статутот на АД за неметали Огражден Струмица акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции, во пари и акции.

Член 4

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

Член 5

Собранието на друштвото го овластува Одборот на директори на АД за неметали Огражден Струмица, поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

Член 6

Купувачите на сопствени акции на АД за неметали Огражден Струмица ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 7

Согласно законските одредби и Статутот на друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:

- Право на глас во собранието на друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото

Член 8

АД за неметали Огражден Струмица по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери
Стојчев Коста